# Право на иднина

Во пресрет на Новогодишните и Божикните празници, по правило се зголемува активноста на голем број институции, граѓански здруженија и поединци во насока на хуманитарни акции и донации. Така, минатата недела, основното училиште за деца со посебни потреби *Иднина* од Чаир, беше домаќин на гостите од Лајонс клубот *Вардар*, кои веќе неколку години наназад донираат подароци и новогодишни пакетчиња за децата со пречки во развојот. Дечињата настапија со грижливо подготвена програма за оваа пригода, а покрај членовите на *Вардар* во салата присуствуваше и поголема група стари лица од домот *Мајка Тереза*. За восхит е упорноста и љубовта со која вработените во *Иднина* пристапуваат кон воспитувањето и едукацијата на овие деца, од кои значителен број се со Даунов синдром. Тоа беше видливо и од подготвената програма со која децата настапија пред гостите со своите слогани: "Вашата поддршка е наш мотив" и "Ние можеме, ние сакаме, ние умееме". Треба да се биде присутен на ваков настан за да се доживее и сфати вистинската природа на овие дечиња, да се почувствува нивната среќа што контактираат со луѓе "од надворешниот свет", кога нивната аутичност за миг исчезнува, и кога го имате она внатрешно чувство дека некому во тој момент сте му навистина потребни. Овие деца манифестираа огромна љубопитност кон присутните гости, сакаат да се фотографираат со нив, да ги држат за рака и да ги гушкаат. Човек, едноставно, не може да остане рамнодушен кон ваквите емотивни гестови и, спонтано, кај вас се буди подзаспаното чувство на внатрешен трепет од искреноста и непосредноста на контактот со овие деца. Нивното присуство и допир со раката во еден момент прават ништо друго на светов да не е важно, туку да бидете токму тука и токму со нив. Благодарноста за добиените подароци, чинам никаде поискрено не се манифестира, поинтензивно не се доживува.



Радување во "рап" верзија

Затоа, неповторливо е и чувството на оној што дарува, оној што ја добива благодарноста, дека сторил нешто што е врв на алтруизмот, гест на дарување безгранична љубов. Традицијата на лајонистите од клубот *Вардар* да ги даруваат децата со попреченост во психофизичкиот развој од училиштето *Иднина*, претставува само активирање на дел од нивниот кодекс и зацртани активности: "Да се раководат според етичките принципи и правила на слобода на човекот и духот, да дејствуваат во општа полза, добронамерно и непрофитно, и да водат посебна грижа за старите, изнемоштени и болни лица, заштита на хендикепираните, децата, младината и семејството..."

Државата, пак, од своја страна, мора во секој момент да реагира на потребите на установите од ваков тип и само така ќе покаже дека се грижи за остварување на елементарните човекови права.



Претставниците на Lions клубот Вардар, Гламочанин и Маленко делат подароци на штитениците од ОУ "Иднина"

В.Г.